# WWII-MONUMENTSEE

ASSESSMENT OF POST-WORLD WAR II MONUMENTS IN SOUTH EAST EUROPE IN ORDER TO DEVELOP A NEW REGIONAL TOURISM PRODUCT/ CULTURAL ROUTE













## Евалуацијата на спомениците посветени на Втора светска војна во Северна Македонија за воспоставување на нов регионален туристички производ/културна рута во Југоисточна Европа







"Евалуацијата на спомениците посветени на Втора светска војна во Северна Македонија за воспоставување на нов регионален туристички производ/културна рута во Југоисточна Европа" беше реализирана во рамките на пројектот "WWII-MONUMENTSEE (IIСВ–СПОМЕНИЦИ) - Проценка на споменици посветени на Втора светска војна во Југоисточна Европа со цел да се развие нов регонален туристички производ/културна рута".

"WWII-MONUMENTSEE – Проценка на споменици посветени на Втората светска војна во Југоисточна Европа со цел да се разви нов регионален туристички производ/културна рута" ја спроведе EXPEDITIO со финансиска подршка низ Проектот за развој и промоција на туризмот од Совет за регионална соработка (Regional Cooperation Council - RCC). Овој проект на Совет за регионална соработка е финансиран од Европската Унија и се спроведува со цел да се придонесе за растот и конкурентноста на шестте економии на Западен Балкан, помагајќи да се развијат и промовираат заеднички регионални културни и авантуристички понуди во туризмот. Оваа проценка е една од резултатите на проектот" WWII-MONUMENTSEE (IIСВ–СПОМЕНИЦИ) - Проценка на спомениците посветени на Втора светска војна во Југоисточна Европа со цел да се развие нов регонален туристички производ/културна рута".

Уредници/издавачи:
EXPEDITIO

Автор "Проценка на споменици посветени на Втора светска војна во Северна Македонија за создавање нов регионален туристички производ/културна рута во Југоисточна Европа":

**Ана Ивановска Дескова, Владимир Десков, Јован Ивановски**

RegionalCooperationCouncil

*Provided by the RCC Tourism Development and Promotion Project's Grant Programme*

*The Project is funded by the European Union*

# Содржина

Вовед........................................................................................................................1

Кратко резиме ..............................................................................................................5

Опис на генералната состојба на спомениците од втората светска војна ............................7

Проширена листа на споменици .................................................................................16

Опис на потенцијалните рути на спомениците од втората светска војна............................1

Примери за детална анализа на избраните споменици......................................................11

Македониум – Крушево / Споменик Илинден...................................................................12

Могила на непобедените ............................................................................................21

# Вовед

Проект **"WWII-MONUMENTSEE** (IICB–СПОМЕНИЦИ)- **Проценка на споменици посветени на Втора светска војна во Југоисточна Европа со цел да се развие нов регонален туристички производ/културна рута "** (во понатамошен текст **WWII-MONUMENTSEE**) кој го спроведе EXPEDITIO финансиран е со средствата низ Проектот за развој и промоција на туризмот од Советот за регионална соработка (Regional Cooperation Council - RCC). Овој проект на Совет за регионална соработка го финансира Европската Унија и се спроведува во обид да се придонесе за растот и конкурентноста на шестте економии на Западен Балкан, помагајќи да се развијат и промовираат заеднички регионални културни и авантуристички понуди во туризмот. Ова проценка е еден од резултатите од проjeкот WWII-MONUMENTSEE (IICB–СПОМЕНИЦИ).

Проект WWII-MONUMENTSEE (IICB–СПОМЕНИЦИ) е имплементиран во период од ноември 2018 – јуни 2019 година.

Подрачја на имплементација на проектот: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Србија и Северна Македонија.

**Спомениците посветени на Втора светска војна на подрачјето на Југоисточна Европа** претставуваат значаен потенцијал за развој на регионални културни туристички рути. Овие споменици, во најголем број настанале по Втората светска војна на целата територија на поранешна Југославија и Албанија, првенствено беа запаметени од антифашистичка борба, но и многу повеќе од тоа, многу од нив имаат исклучителна уметничка вредност. По промените што се случија во 90-тите години на XX век во регионот на Југоисточна Европа, овие споменици се занемарени, што доведе до прекинување на нивно одржување, а во некои случаи и до нивна девастација или целосно уништување. Повторнен интерес за овие споменици започна во втора половина на првата деценија од XXI век, од 2006 година, кај странски уметници и истражувачи, исто така и кај луѓето од регионот на Југоисточна Европа. Исто така, важноста на спомениците посветени на Втора светска војна започна да се открива повторно во насока на туризмот. Сепак, сите овие иницијативи и активности се споредни, почесто доаѓа од странство, а не од земјите каде што се наоѓат, и не се синхронизирни, така што не постои единствен туристички производ, ниту во рамките на земјите поединечно ниту во регионот на Југоисточна Европа. Исто така, нема информации за овие споменици обединети на едно место, ниту детална анализа на нивните вредности, состојба, како и потенцијали за развој на туристичка рута.

* Овој знак не ги прејудицира ставовите на статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244/1999 на Советот за безбедност на Обединетите Нации и Мислењето на Меѓународниот суд за правда за декларацијата за прогласување независност на Косово

**Специфичната цел** на проектот WWII-MONUMENTSEE (IICB–СПОМЕНИЦИ) реализирана е почетна фаза во развојот на новиот регионален туристички производ/културна рута - споменици посветени на Втора светска војна – на подрачјето на Југоисточна Европа, низ изработка на проценка. **Општите цели** на проектот се: развивање на нов туристички производ/културна рута / споменици посветени на Втората светска војна / на подрачје на Југоисточна Европа; унапредување (вработување и одржливост) на регионален туризам на подрачјето на Југоисточна Европа, со развој на нов туристички производ/културна рута; придонес кон економскиот раст на регионот на Југоисточна Европа низ зајакнување на регионален туризам и културни рути.

**Активностите** кои се спроведени во текот на проектот WWII-MONUMENTSEE (IICB–СПОМЕНИЦИ) го вклучуваат следното: формирање на регионален експерски тим и дефинирање на концептот и методологијата на работа; истражување и собирање податоци во 6-те економији на Југоисточна Европа и изработка 6 поединечни "Проценки на споменици посветени на Втора светска војна за создавање нов регионален туристички производ/културна рута во Југоисточна Европа" од страна на избрани истражувачи; организирање регионални експертски работилници; создавање регионална "Проценка на споменици посветени на Втора светска војна во Југоисточна Европа за создавање нов регионален туристички производ/културна рута во Југоисточна Европа " и дистрибуција на резултатите од проектот на сите засегнати страни.

Изработката на **6-те поединечни "Проценки на спомениците посветени на Втора светска војна за создавање нов регионален туристички производ/културна рута во Југоисточна Европа"** ги опфати следните активности и сегменти:

- **Преглед на генерална состојба на споменичко наследство WWII (**IICB) кој требаше да даде општа слика за третманот на овој сегмент на културното наследство во 6-те економии, вклучувајќи: законска рамка со која се уредува заштитата, управувањето и одржувањето на споменици од WWII (IICB); институции/клучни актери одговорни за заштита, управување, одржување, промовирање на спомениците од IICB (WWII); официјален список / база на податоци за споменици од IICB (WWII); досегашните иницијативи (уметнички проекти, истражувања, промоции, активизам…); преглед на засегнатите страни / стејкхолдери и генерален осврт на вкупна состојба на спомениците од IICB (WWII): заштита, одржување, користење, управување и туристичка валоризација.
- **Анализата на проширената листа на споменици** направена е врз основа на официјалните списоци на заштитени споменици од IICB (WWII) во поедини економии, како и врз основа на Листата на предложените локации за рутата со споменици од IICB што беше доставена од страна на Регионалниот Совет за соработка (RCC), во која беа опфатени веќе избрани 40 споменици кои треба

секако да се вклучат.[1] Анализата на спомениците беше спроведена врз основа на договорени критериуми[2].

---

[1] Список доставен од страна на RCC вклучуваше 40 споменици:

- *Албанија:* Shkodër, Kamëz, Mother Albania (Tirana), Pezë e Vogël, Bërzhitë, Elbasan, Pishkash
- *Босна и Херцеговина:* Vraca Memorial Park (Сарајево, Vogošća Monument, Battle of Neretva Memorial Museum (Јабланица), Mostar Partisan Cemetery, Sutjeska Monument (Тјентиште), Зеница, Нови травник, Јајце, Сански Мост, Козара (во близина на Приједор), Banja Luka
- *Косово**: Prishtinë/Prishtina (city centre), Brezovicë/Brezovica Monument, Mitrovicë North/Mitrovica, Partisan Martyrs Cemetery, Matiçani Hill, Prishtina
- *Црна Гора*: Dola Memorial Site, Никшиќ, Monument, Barutana Memorial (Подгорица), Колашин Memorial Museum, Berane Monument
- *Србија:* Jewish Cemetery (Белград), Memorial Park Jajinci , Kosmaj Monument, Čačak Memorial Site, Kadinjača Monument Site (во близина на Ужице), Bubanj Memorial Park (Ниш), Šumarice Memorial Park (Крагујевац), Monument to the Revolution (Лесковац)
- *Republic of North Macedonia:* Skopje Earthquake Monument, Kičevo Ossuary, Makedonium (Krushevo), Prilep Monument, Veles Ossuary

[2] Критериумите беа следните:

- ВИЗУЕЛНИ И ЕСТЕТСКИ КВАЛИТЕТИ: апстрактна форми; форми кои се спротивни на конвенциите традиционални споменици; форми кои кријат подлабоко симболично и / или универзално значење зад нивна апстрактна форма; создадени од познати или врвни уметници од тој период
- ИСТОРИСКА И КУЛТУРНА ВАЖНОСТ: споменици кои зборуваат за универзални настани за надминување на неволја и пораз на непријателот; фокусирани на човечко ниво / победа или трагедијата на цивили; опишуваат интересни настани кои се малку познати надвор од одредена област
- ПРИРОДНА УБАВИНА: да им се даде приоритет на спомениците во исклучително природно опкружување; да им се даде приоритет на спомениците лоцирани во близина на националните паркови; живописни реки итн.; да се даде приоритет на споменици лоцирани во тивки места далеку од други туристички толпи.
- ТУРИЗАМ: промовирање на туризмот во неразвиените области
- СОСТОЈБА: во подрачјата каде што нема политички / верски / етнички тензии или насилства; во подрачја кои несе загрозени од мини или други опасни сретства; подрачја кои се релативно неповрзани и преку кои не е опасно да се помине; споменици кои се во разумна состојба на ред и зачувување; не се премногу уништени или вандализирани.

- **Предлог на потенцијални рути** за секоја економија се дава врз основа на поширок список на споменици. Идентифукувани се можностите за различни нивоа на рутите: регионална/и рута/и, рути во рамките на една земја, локални рути. Исто така согледани се различни теми, меѓу кои: уметничка вредност, аутор(и), познати личности, големина, снимање, планинарење, антифашизам итн. Исто така, согледани се и можностите за вклучување на споменикот на веќе постоечките рути или во туристичката понуда во окружувањето.
- **Детална анализа на избраните споменици** направена е врз основа на спроведени анализи за по 10-12 споменици во секоја економија, кои беа на Листата доставена од страна на RCC, како и на проширената листа на споменици избрани од страна на истражувачите. Детална анализа е направена врз основа на формуларот кој е дефиниран од страна на регионален експертски тим.
- **Список на литература и анекси** се дадени со секоја проценка, а меѓу другото вклучуваат и: официјалната листа на заштитени споменици од IIСВ (WWII); листа на засегнати страни / стејкхолдери; дополнителен материјал за преглед на општа состојба на споменичкото наследство од IIСВ (WWII)

Врз основа на индивидуалната проценка на 6-те економии изготвена е **заедничка, регионална "Проценка на споменици посветени на Втора светска војна во Југоисточна Европа за создавање нов регионален туристички производ / културна рута во Југоисточна Европа".**

**"Проценка на споменици посветени на Втората светска војна во** Северна Македонија **за создавање нов регионален туристички производ / културна рута во Југоисточна Европа"** е една од 6-те индивидуални проценки спроведени во рамките на проектот. Авторката на ова Проценка е Ана Ивановска Дескова, Владимир Десков, Јован Ивановски

Во документот е даден **извештај од Проценката на споменици посветени на Втората светска војна во** Северна Македонија, која ги вклучува клучните податоци, анализи и предлози, додека целиот материјал со целата пропратна документација е доставен до RRC.

---

- ДОСТАПНОСТ: се наоѓаат во разумна близина со добро одржувани патишта или автопат, се наоѓаат во разумна близина на туристички услуги (сместување, храна, гориво, итн.); туристите кои не ја знаат областа можаат да ги најдат; целосно достапни во поголем дел од годината, освен во случај на екстреми временски услови.

# Кратко резиме

Меморијалните споменици на територијата на Република Северна Македонија се специфичен културен и просторен феномен кој сè повеќе буди интерес и поттикнува истражување. Обележувајќи места поврзани со Втората светска војна, славејќи ја борбата, победата и ослободувањето, овие споменици чинат „семејство“ од поединечни примероци, различни во својот концепт, облик, материјалност, архитектонска и уметничка вредност.

Иако хронолошкиот опсег на создавање се совпаѓа со постоењето на Социјалистичка Југославија (1945-1990), најкомплексните споменици, оние кои се вон рамките на слободностоечка скулптура, се главно создавани во периодот помеѓу 1960-та и раните 1980-ти. Следејќи ја новата „мода“, овие споменици се импресивни во своето мерило (како поединечен споменик или композиција од повеќе елементи), со специфична позиција во пејзажот. Живописната околина, партерното уредување, апстрактната модернистичка архитектура/скулптура, честопати дополнети со сложени уметнички композиции (мозаици, крупна пластика, витражи и слобосностоечки скулптури) создаваат специфичен состав чии високи естетски вредности се релевантни и денес.

Посетувајќи ги предложените споменици се запознаваме со најзначајните автори од периодот вклучени во нивната концептуализација и изградба, како Богдан Богдановиќ (кој работи низ целата територија на поранешна Југославија и во два македонски града – Прилеп и Штип) или пак истакнати македонски архитекти и уметници како Петар Муличковски, Јордан и Искра Грабулоски, Петар Мазев, Глигор Чемерски итн. Со својот силен личен ангажман, секој од авторите придонесува кон создавање на комплетно уметничко дело – богатство на ѕидни мурали, мозаици, витражи итн., нераскинливо врзани за скулптуралната архитектонска позадина. Благодарение на апстрактниот симболизам вткаен во нив, овие облици сè уште будат интерес кај современиот посетител од било која возраст, локален или странец. Фактот дека некој може да се поврзе со нив, безмалку и незапознаен со политичката и идеолошката позадина, ги прави овие споменици „безвремени“ и отвара нови можности, интересни за современото општество.

Како резултат на релативно мирниот процес на стекнување независност во процесот на распаѓање на СФР Југославија, спомениците на територијата на Република Северна Македонија не беа предмет на посериозни физички напади. Тие беа маргинализирани, речиси заборавени, но не и отстранувани или силно вандализирани. Поголемиот број од избраните споменици се заштитено градителско наследство[3]; сепак, нивната физичка состојба се разликува од град во град. Спроведените теренски истражувања укажуваат дека дел од спомениците воопшто не се одржуваат и никогаш не поминале ниту низ првиот

[3] Од 10 избрани споменици, Спомен костурницата во Кавадарци, Меморијалниот комплекс во Штип и Спомеников на слободата во Гевгелија сѐуште не се ставени под заштита.

циклус на конзервација и реставрација (немаат постојано финансирање, ниту долгорочни планови и програми за одржување и управување).

Од аспект на туристички потенцијал, сите предложени споменици се лесно достапни и безбедни. Бидејќи се воглавно поставени во близина на градови, во нивната непосредна околина се наоѓаат потребните сместувачки капацитети, ресторани, кафетерии и сл. Понатаму, секоја од туристичките понуди може да се надополни со велосипедизам/пешачење, посета на локалните винарии, посета на археолошки локалитети, византиски манастири и цркви итн. Имајќи предвид дека повеќето споменици се наоѓаат во помалите градови, настрана од популарните туристички патеки, внесувањето туристи може да претставува позитивен поттик за локалните економии.

Сето претходно споменато води кон заклучокот дека спомениците во Северна Македонија претставуваат значаен потенцијал. Иако во моментов страдаат од недостаток на свест и грижа, обновениот интерес за темата, локално и интернационално, би можел да претставува позитивен поттик за нивната иднина. Ова истражување ја потврди потребата од идни истражувања на темата и нѐ убеди во големиот недостаток на знаење кој треба да се пополни. Глобалниот процес на (пре)вреднување на повоениот модернизам само оди во прилог на едно вакво истражување. Извлекувањето од заборав на мноштвото меморијални споменици може да биде од суштинско значење за нивната просторна и симболичка редефиниција, заштита од комплетна девастација и нова употреба во современиот контекст.

# Опис на генералната состојба на споменициите од втората светска војна

## Вовед

Меморијалните споменици на територијата на Република Северна Македонија (како и оние на пошироката територија на поранешна Југославија) претставуваат специфичен културен и просторен феномен кој сѐ повеќе побудува интерес и поттикнува истражување. Обележувајќи клучни места поврзани со Втората светска војна[4], славејќи ја борбата, победата и ослободувањето, овие споменици чинат „семејство“ од поединечни примероци, различни во својот концепт, облик, материјалност, архитектонска и уметничка вредност и раскажуваат историја која вон регионот е воглавно непозната.

Изградени во земја создадена во војна, сочинета од неколку географски единици, мноштво нации, религии и јазици, споменициите на Втората светска војна имаат специфична задача – да го нагласат она што е заедничко – заедничката борба за ослободување на нејзиниот народ, што во повоените години резултира со силниот концепт на „братство и единство“. Оттука, улогата на споменициите е повеќекратна – од една точка тие го чуваат, негуваат и низ времето го (пре)создаваат сеќавањето за одреден настан или личност од минатото; тие никогаш не го напуштаат, туку опстојуваат како вечен потсетник подеднакво на воените трагедии, но и на хероизмот. Од друга страна, пренесуваат порака за сегашноста (и иднината) која има универзален карактер – за човековите права воопшто, за вечната борба за слобода и добросостојбата на заедницата.

Споменициите преставуваат сеќавање на нешто што е неповратно изгубено и честопати поврзано со искуството на страдање (индивидуално или колективно), истовремено симболизирајќи ја и победата и силната верба во подобра иднина. Повеќето споменици на територијата на Северна Македонија имаат уште една специфика – нивната симболика и значење ги надминува поединечните настани или Втората светска војна воопшто; тие го претставуваат националното будење, еманципацијата и борбата на македонскиот народ за ослободување и независност.

## Хтонологија

Хронолошкиот опсег на создавање на споменициите се совпаѓа со постоењето на Социјалистичка Југославија. Во периодот помеѓу 1945 и 1990г. се означени бројни места, така што споменициите посветени на Втората светска војна може да се најдат насекаде низ територијата на Република Северна Македонија. Спомен-плочи и бисти се вообичаено

[4] Исклучок е Спомeникот 26 Јули, посветен на жртвите од земјотресот во Скопје во 1963 г., како и Македониумот во Крушево, посветен на Илинденското востание од 1903 и НОБ.

поставувани во рамките на градското ткиво: на плоштади, паркови или честопати во рамките на одредени институции (собраниски згради, судови, основни и средни училишта итн.). Носејќи ја идејата во простор да се обележи споменот на војната и улогата на одредени истакнати личности, како и да се слави победата над фашизмот, целата територија на земјата (во тоа време Социјалистичка Република Македонија) е покриена со бројни споменици со различен карактер.

Слично како и во останатите поранешни југословенски републики, најкомплексните споменици, оние кои го надминуваат концептот на слободностоечка скулптура, се главно создавани во периодот помеѓу 1960-та и раните 1980-ти. До почетокот на 1960-тите се појавува нов тренд во обмислувањето и изведбата на спомениците посветени на Втората светска војна[5]. Следејќи ја новата „мода", од 1960-тите големите меморијални споменици (речиси сите посветени на паднатите борци и жртвите на фашизмот) се импресивни во своето мерило (како поединечен споменик или композиција од повеќе елементи), со специфична позиција во пејзажот и апстрактна, симболична форма.

Живописната околина, партерното уредување, апстрактната модернистичка архитектура/скулптура, честопати дополнети со сложени уметнички композиции (мозаици, крупна пластика, витражи и слобосностоечки скулптури) создаваат специфичен состав чии високи естетски вредности се релевантни и денес, дури и кога спомениците се лишени од нивната силна идеолошка позадина.

Покрај тоа што се симбол на антифашистичката борба и/или националната борба за слобода, овие споменици се и одраз на системот кој ги создал, нудејќи слика за општествениот контекст, историските и политичките настани кои се нивна позадина и „инспирација", економските услови, техничките и технолошките можности, но и високите естетски и уметнички амбиции.

Иако сè уште воглавно нарачувани од локалните самоуправи, Комунистичката партија или Сојузот на борци, тие се многу повеќе од пренесувачи на одредена порака – тие се високо софистицирани уметнички дела.

## Избор / Критериуми за избор

Очигледно различни меѓу себе, покрај значењето кое го носат, меморијалните споменици содржат и одредени карактеристики кои се заеднички. Покрај неколкуте однапред избрани споменици (Македониумот во Крушево, Могилата на непобедените во Прилеп, спомен-костурниците во Кичево и Велес), сите избрани споменици исполнуваат одреден сет на критериуми за избор:

[5] Паралелно, сèдо крајот на 1980-тите, продолжуваат да се поставуваат и спомениците кои се засноваат на фигуративно претставување, честопати поддржани од локалните здруженија на борци.

- Сите имаат истакната позиција во пејзажот. Иако не секогаш врзани со места со исклучителна убавина, тие најчесто нудат величествен поглед кон околината и панорами кон градовите кои се наоѓаат во нивна непосредна околина;

- Сите споменици се импресивни во своето мерило (како поединечен споменик или композиција од неколку соседни елементи);

- Нивната форма е секогаш повеќе од класична, монументална уметност; вообичаено апстрактни и визуелно импресивни, тие во себе содржат симболика врзана со борбата, ослободувањето и слободата;

- Во нивното создавање се вклучени истакнати архитекти и уметници (познати локално или во регионалниот контекст). Истражувањето укажува дека одредени имиња се среќаваат повеќе пати, така што би можело да се „проектира“ патека која следи одреден авторски опус (регионална патека која го следи творештвото на Богдан Богдановиќ или патека поврзана со работата на Јордан Грабулоски).

## Листа на избрани споменици во Република Северна Македонија:

01. Споменик на жртвите од земјотресот, Скопје – 1965

02. Спомен костурница, Кичево – 1963??-1968

03. Споменик „Илинден“ – Македониум, Крушево – 1974

04. Могила на непобедените, Прилеп – 1961

05. Спомен костурница, Велес – 1976-1979

06. Спомен костурница, Кавадарци – 1976

07. Спомен костурница, Струмица – 1979-1982

08. Споменик на слободата, Кочани – 1975-1977 (1981)

09. Меморијален комплекс на паднатите борци на револуцијата, Штип – 1969-1974

10. Споменик „Слобода“ / Цвет на слободата, Гевгелија[6] - 1969

[6] Постојат уште неколку споменици (вклучени во Проширената листа на споменици) кои според своите карактеристики би можеле да се вбројат во оваа група: Споменикот на Преспанското советување во Отешево (Јордан Грабулоски), Меморијалниот парк на револуцијата во Пробиштип (Борислав Матески), Спомен-костурницата во Куманово (Коста Зордумис и Сретен Стојановиќ) итн.

**Врска со локацијата - 'Градба и пејзаж'**

Меморијалните споменици вообичаено претставуваат хибридни архитектонско-урбанистички и уметнички целини, кои секогаш градат специфична релација со територијата што ја означуваат. Следејќи ја модернистичката парадигма, тие се слободностоечки тела, поставени слободно во поширок отворен простор на начин на кој природата, пејзажот и скулптуралниот објект влегуваат во взаемен дијалог. Наместо да бидат поставени во градските центри, тие вообичаено се поставени на симболични локации, на местото или во близина на местото на кое се случил историскиот настан. Имајќи го во предвид нашиот избор, најголем број од спомениците се наоѓа во близина на град, честопати на висока позиција, поставен на соседниот рид, од каде на посетителот му се пружа впечатлива панорама на непосредната околина.

Споменикот е јавен феномен. Затоа, тој е поставен во физички отворен простор и вообичаено постои посебна патека која води до него. Речиси секогаш станува збор за уредена патека со скали; пристапот дефинира своевидна процесија која кулминира со самиот споменик, вообичаено поставен на највисоката позиција.

Без оглед на состојбата во која се наоѓаат спомениците денес, не може а да не се забележи дека во сите избрани случаи големо внимание е посветено на уредувањето на пејзажот, преку уредени паркови, избор на соодветна вегетација, дизајн и избор на урбана опрема итн. Имајќи во предвид дека најголемиот дел од спомениците биле посетувани како дел од задолжителната училишна програма (најмалку за локалните ученици, а во одредени случаи дури и за децата од целата Република), повеќето се опремени и со мал амфитеатар (мала училница на отворено), каде посетителите имаат можност да се едуцираат за значењето на споменикот/местото.

Дел од партерното уредување околу споменикот може да има и скулптурален третман на начин кој ја придружува и дополнува главната скулптура (или уметнички дела како кај Македониумот во Крушево – скулптурите „Скршени пранги" на Јордан Грабулоски на почетокот на патеката или скулптуралната композиција/крупната пластика на Петар Мазев, токму пред главниот споменик).

## Споменик и Архитектура

Меморијалните споменици претставуваат специфична типологија со високи естетски, ликовни и архитектонски амбиции. Монументални, високо симболични, експресивни, „бруталистички", честопати структурално комплексни... каприциозни, фантастични... тие говорат за едно креативно богатство и иновативност во различните стратегии на репрезентација. За одбележување на одредената тема се користат апстрактни форми и гестови со универзално значење, а експресијата е силна без оглед за кој материјал станува збор. Во рамките на изборот на споменици на територијата на Република Северна Македонија среќаваме различни материјали: споменици излиени во бетон – оставен видлив, како во споменикот „26 Јули" во Скопје или спомен-костурницата во Кавадарци, или обоен бело како кај Македониумот во Крушево или спомен-костурницата во Велес;

големи блокови мермер со рафинирана скулптурална обработка кај спомениците на Богдановиќ во Прилеп и Штип или голема скулптура како Споменикот на слободата на Јордан Грабулоски во Гевгелија, своевремено целосно прекриен со метал.

Во чекор со архитектонските стремежи и технолошките можности на времето во кое се создадени, тие го напуштаат наративното и создаваат моќни симболи и слики. Имајќи ја можноста да ги спoредиме, не може, а да не се забележи, дека во еден период од помалку од 20 години, се развива уметнички и стилски амбициозна и уникатна естетика. Нејзин резултат се воглавно апстрактни форми (кои можат, но не и нужно мораат) да бидат врзани со одредена форма (цвет, шлем, куќа итн.). Токму поради апстрактниот симболизам вткаен во нив, овие облици сѐ уште можат да се поврзат со современиот посетител од било која возраст, локален или странец, дури и без познавање на нивната историска позадина.  Фактот дека некој може да се поврзе со нив, притоа не познавајќи ја политичката и идеолошката позадина ги прави „безвремени" и отвора можности интересни за современото општество.

Во архитектонска и уметничка смисла, спомениците се силно врзани со Модернизмот – од една страна со наративот за прогрес и модернизација, а од друга страна со модернистичката парадигма за создавање на тотално уметничко дело, каде архитектурата како највисока уметничка форма ќе ги обедини и ќе биде дом за сите уметности – скулптура, сликарство итн. Истакнати архитекти од периодот се вклучени во концептуализацијата и изведбата на овие споменици: добро познатиот Богдан Богдановиќ чии дела се среќаваат на целата територија на поранешна Југославија (и во два македонски града – Прилеп и Штип), како и истакнати македонски архитекти како Петар Муличковски (Спомен-костурница во Кавадарци), Благој Колев (Спомен-костурница во Струмица) и др.

Други споменици се резултат на заедничкиот напор на истакнати модернисти – архитекти, скулптори, сликари. Таков е случајот на споменикот „Илинден" во Крушево (Јордан Грабулоски – скулптор, Искра Грабулоска – архитект, Петар Мазев – сликар, Борко Лазески – сликар); спомен-костурницата во Велес (Саво Суготин – архитект, Љубомир Денковиќ – скулптор, Петар Мазев – сликар); или пак споменикот во Кочани (Радован Раѓеновиќ – архитект и Глигор Чемерски – сликар). Секој од авторите, со силен личен авторски ангажман придонесува кон создавањето на севкупното уметничко дело – богатство на ѕидни мурали, ѕидни мозаици, витражи и сл., нераскинливо врзани за скулптуралната архитектонска подлога.

Посетата на предложените споменици нуди можност за запознавање со некои од најистакнатите македонски уметници од периодот – Јордан Грабулоски, Петар Мазев, Глигор Чемерски. Работејќи на овие монументални „нарачки"[7], тие ни оставиле

[7] Изградбата на спомениците била порачувана од републичката управа, локалните самоуправи или пак сојузите на борци.

наследство од непроценлива вредност кое во денешниот општествен и културен контекст е недоволно истражено, вреднувано и ценето. Преку монументалните формати кај споменициите во Велес и Кочани, Мазев и Чемерски на еден многу специфичен/уникатен начин го комбинираат апстрактниот експресионизам и локалната традиција, осликувајќи циклуси кои говорат за локалната историја многу подлабоко и подалеку од наративот за Втората светска војна; во своите мозаични композиции тие „говорат" за борбата на македонскиот народ во Отоманските времиња, за Илинденското востание, револуцијата, ослободувањето и конечната цел – изградба на ново, слободно и напредно општество.

## Постојна состојба и статус на заштита

Како последица на фактот дека Македонија излезе од поранешна Југославија на релативно мирен начин (не беше дел од вооружени конфликти и војни како другите поранешни југословенски републики), споменициите (како симболи на претходниот, социјалистички систем) не настрадаа драматично; не беа отстранувани или силно идеолошки вандализирани. Процесот на стареење (и донекаде пропаѓање) се случи на бавен и „природен" начин.

Како резултат на сложени културни, историски и политички причини, споменициите се речиси заборавени. Интересот на граѓаните постепено опаѓа, тие се запоставени и постепено започнуваат да пропаѓат. Во новиот, современ контекст овие споменици стојат убави и трагични...тажни, импресивни, моќни, чудни, напуштени и запуштени ... понекогаш безмалку непостоечки.

Степенот на пропаѓање/оштетување е различен од град во град; додека некои заедници сѐ уште ги одржуваат своите споменици во добра и зачувана состојба, дури и задржуваат одредени комеморативни практики, други споменици се речиси напуштени.[8]

Сепак, иако маргинализирани, повеќето градби се генерално непроменети. Оштетувањата главно може да се препознаат во:

- Пропаѓање на партерот (напукнати или отпаднати парчиња камен, мермер, цемент и сл.), вегетација, графити на подовите итн.;
- Распаѓање, девастација, отстранување на оригиналната урбана опрема;
- Потемнети/извалкани површини (бетон, мермер итн.);
- Лупење и пукање на материјалот;

[8] Состојбата на споменициите честопати зависи од статусот на заштита. Дел од споменициите кои се под заштита неодамна поминаа низ конзерваторски и реставраторски процеси.

- Демонтирани/украдени и продадени делови од споменикот (особено се однесува на металните делови – рељефни композиции или букви во бронза и сл.);
- Графити/натписи по целата површина на споменикот (бетон или мермер) итн.

Првичната визуелна инспекција упатува на заклучокот дека доколку институциите за заштита на културното наследство се соодветно финансиски поддржани и екипирани со специјалисти/експерти (насоки кои би ги спречиле сите несоодветни интервенции), тие би можеле да ги конзервираат, реставрираат и одржуваат спомениците. Институциите понатаму треба да развијат Планови и програми за одржување, како би имале долгорочна стратегија во заштитата.

*Повеќето селектирани споменици се прогласени за заштитено наследство (Споменик на културата).[9] Тие се под надлежност или на локалната институција за заштита на културното наследство (Скопје, Прилеп, Струмица и сл.) или на Националниот конзерваторски центар во Скопје. Како и да е, теренските истражувања покажуваат дека дел од спомениците (дури и оние под заштита) се лошо (или воопшто не се )одржувани и никогаш не биле предмет на посериозен конзерваторски и реставраторски процес (Кочани, Струмица и сл.).

Онолку колку што ова истражување можеше да задре во длабочина, институциите не поседуваат перманентен буџет за било кој од наведените споменици, ниту пак имаат изготвено план и програм за управување и одржување на споменикот. Дел од спомениците (Крушево, Велес, Прилеп) биле конзервирани и реставрирани во текот на изминатата деценија (некои дури и повеќе од еднаш). Сепак, визуелната инспекција како и разговорот со луѓето кои работат таму, не наведе кон заклучокот дека дел од конзрваторските Rаботи/постапки не се изведени на соодветен начин[10], употребените материјали се разликуваат од оригиналните[11], а проблемите не се во целост отстранети[12].

---

[9] Од изборот од 10 позначајни споменици, Спомен-костурницата во Кавадарци (Петар Муличковски), Меморијалниот комплекс во Штип (Богдан Богдановиќ) и Споменикот на слободата во Гевгелија (Јордан Грабулоски) не се ставени под заштита. Истражување од овој вид може да води кон преиспитување на постојната листа на заштитени споменици и нејзино дополнување.

[10] Витражите во горната зона прозорци во Крушево се оштетени/испрскани со боја при пребојувањето на ентериерот на споменикот.

[11] Оштетениот партер на Могилата на непобедените во Прилеп е поправан со сосема поинаков вид на камен (во прилог фотографии во документацијата за Прилеп).

[12] Крововите во Велес и Крушево сѐуште протекуваат, валкајќи го ентериерот и потенцијално загрозувајќи ги другите уметнички дела.

Од неодамна, може да се следат различни и иницијативи за заживување (на меморијата) на споменициите: приватни иницијативи за обезбедување на средства за реставрација од страна на ЕУ[13], со идеја да се вклучат споменициите и во поширока туристичка понуда на областа/регионот; некои од споменициите зачестено се појавуваат на различни меѓународни веб-сајтови (spomenik database, archdaily и сл.); индивидуални архитекти и уметници објавуваат главно фотографски материјал за споменициите и сл.

## Можности / Иницијативи

Иако во моментов споменициите страдаат од генерален недостаток на свест и препознавање, обновениот интерес за темата, локално, а особено на меѓународно ниво, може да претставува позитивен поттик за нивната иднина.

Говорејќи за избраните споменици на територијата на Република Северна Македонија, важно е да се каже дека сите се лесно достапни и безбедни. Повеќето споменици се во близина на град и сите се во непосредна близина на одржувани патишта/колски пристапи. Сепак, поради ридестиот пејзаж, дел од нив се непристапни за туристички автобуси (Кочани, Штип и сл.). До повеќето споменици може да се пристапи со автомобил, додека на некои локации (пр. Кичево), од најблискиот паркинг до споменикот треба да се пешачи 5-10 минути. Сите споменици се достапни во текот на целата година, дури и во зимски услови.

Сите споменици се на разумна оддалеченост од потребните туристички сервиси (вода, кафетерии, храна, сместување и сл.) и може да се поврзат со разни други туристички понуди – посета на археолошки локалитети, средновековни манастири и цркви, природни убавини, дегустација на вино и сл.

Од посетата на споменициите произлегува генералната забелешка дека кај сите споменици без исклучок недостасуваат соодветни ознаки, промотивен и едукациски материјал. Освен Крушево, ниту еден од споменициите го нема ниту минималното означување неопходно за туристички потреби (како да се стаса до споменикот, основни информации за името, авторот, година на градење, значење итн.). ваквата ситуација потребно е да се поправи со соодветен дизајн и изработка на знаци и различни видови на промотивен и едукациски материјал (мапи, разгледници, брошури, сувенири итн.).

*Сето претходно наведено води кон заклучокот дека споменициите на територијата на Република Северна Македонија претставуваат значаен потенцијал, и не само во туристички цели. Еден аспект би можел да биде создавање на културна патека (или неколку различни тематски патеки) кои ќе го нагласат и ќе продолжат да го истражуваат

[13] Таков е примерот на семејството Чемерски, кое во 2018 г. аплицираше за конзервација и реставрација на споменикот во Кочани. Споменикот беше употребен како сценографија за мултимедијалниот проект – театарска претстава „Солун, град на духови“, со музика на Златко Ориѓански.

ова помалку заборавено и маргинализирано наследство. Имајќи во предвид дека најголем дел од споменичите се сместени во помали градови (Велес, Кочани, Кичево, Гевгелија), вон популарните туристички рути, доведувањето на поголеми групи на туристи може да има позитивен импакт врз развојот на локалната економија.

Но, не помалку значаен е фактот што денес, по речиси 45-50 години од нивната изградба, во еден поинаков контекст, испразнет од идеологијата која ги создала, треба да ги вреднуваме на нова основа. Овие споменици, како и многу други кои не се опфатени во истражувањето, претставуваат вреден и значаен сегмент на локалното, но и регионалното културно наследство (нешто што е дистинктивно за територијата на поранешна Југославија) и затоа бараат подлабоко разбирање и темелен научен пристап.

Ова истражување само ја потврдува потребата од идни истражувања и не убедува во големиот недостаток на знаење кој треба да се пополни (подеднакво во смисла на темелно историско истражување на значењето, уметничките и архитектонските вредности, можните врски помеѓу нив, но и во смисла на документирање, заштита и одржување). Глобалниот процес на (пре)вреднување на повоениот модернизам само оди во прилог на едно вакво истражување. Извлекувањето од заборав на мноштвото меморијални споменици може да биде од суштинско значење за нивната просторна и симболичка редефиниција, заштита од комплетна девастација и нова употреба во современиот контекст.

Kulić, Vladimir, ed. *Bogdanović by Bogdanović, Yugoslav Memorials through the eyes of their Architects.* NY, MoMA, 2018

*Monumenti, the changing face of remembrance.* Forum Ziviler Friedensdienst (forum ZFD), Belgrade, 2013

Mrduljaš, Maroje and Vladimir Kulić, ed. *Unfinished Modernisations, Between Utopia and Pragmatism.* Zagreb, 2012

Niebyl, Donald. *WWII Monument Route Project, Final Report.* RCC Tourism Development and Promotion Project. Rock Island, 2018

Pavlaković, Vjeran. *Regional Route Development on the Art and Design of the WWII Monuments: Final Report.* RCC Tourism Development and Promotion Project. Zagreb, 2018

# Проширена листа на споменици

Република Северна Македонија

| БР | ИМЕ | АВТОР | ГОДИНА НА ГРАДЕЊЕ | ГРАД/ МЕСТО | НАСТАН | КООРДИНАТИ (Google Maps) | КРАТОК ОПИС | ФОТОГРАФИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01. | Споменик на жртвите од земјотресот<br><br>Меморијален споменик „26 Јули“ | Георги Груин | 1965 | Скопје | Посветен на катастрофал-ниот земјо-трес кој го погоди Скопје во 1963 | *42.040400/21.436 708* | Споменикот е сместен во рамките на главните град- ски гробишта – Бутел. Дел е од поширок гробишен комплекс посветен на грѓаните на Скопје кои ги загубиле живо- тите во земјо- тресот од 26 Јули 1963. Споменикот е апстрактна, скулптурална форма во натур бетон. Иако на прв поглед симетрична, двете страни на споменикот се разликуваат во деталите. Пукнатините и деловите што „паѓаат“ се симбол на големиот потрес кој доведе до уништување на 70-80% од градбите во Скопје. Закосените површини, силно нагласе- ните дијаго-нали и дело-вите кои се чини дека лежат/се потпираат врз цилиндри му даваат на |  |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | споменикот карактер на астатичност и нестабилност. | |
| 02. | Спомен костурница – Кичево | Рељефи: Јордан Грабулоски (Грабул) | Завршена во 1968<br><br>(1963??) | Кичево | Посветена на паднатите борци во НОБ (1941-1944) и сите жртви на фашизмот од Кичево и околината | *41.512931/20.966301* | Спомен-костурницата се наоѓа на ридот Кале. Главниот ѕид има сегмен-тна, кружна форма, покриен со рамна тераса која нуди извонреден поглед на градот Кичево. Ѕидот е изведен во бетон и обложен со сиви мермерни плочи. Централен мотив претставува рељефната композиција во бронза на која е обработена тематика од НОБ. Лево и десно од рељефот се испишани имињата на паднатите борци и жртвите на фашизмот. |  |
| 03. | Споменик „Илинден“ / Македониум | Јордан Грабулоски (Грабул) - скулптор<br><br>Искра Грабулоска (Грабул) – архитект | 1972 – 1974<br><br>Свечено отворен на<br><br>2 Август 1974 (Илинден) | Крушево | Посветен на сите борци и револуционе-ри кои зеле учество во Илинденското востание во 1903, како и на борците во НОБ (1941-1944) | *41.377492/21.248327* | Монументал-ниот комплекс зафаќа 12 хектари и е сочинет од неколку елементи, секој од нив длабоко исполнет со симболизам. Од раскинатите пранги (како симбол на ослободување-то), патеката води кон криптата, амфитеатарот и кулминира со самиот споменик „Илинден“.<br><br>Споменикот е изработен во натур бетон, обоен бело. Тој има невооби-чаена, скулп-турална |  |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Петар Мазев<br><br>(сликар – амфитеатар)<br><br>Борко Лазески (сликар – витражи) | | | | | форма; основната геометрија е кружна со силно исфрлени прозорци. |  |
| 04. | Могила на непобедените | Богдан Богданови ќ | 1961 | Прилеп | Посветена на паднатите борци во НОБ (1941-1944) и сите жртви на фашизмот од Прилеп и околината | *41.334107/21.554 740* | Могилата на непобедените е споменичка целина во рамките на Паркот на Револуцијата во Прилеп сочинета од два дела – заедничка гробна крипта и меморијални урни. Урните се симбол на отпорот/ непокорот на македонскиот народ, додека во криптата се сместени останките од 462 партизани од Прилеп и околината кои ги дале своите животи во НОБ. Нивните имиња се изгравирани на белите мермерни плочи. | <br><br> |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 05. | Спомен костурница – Велес | Саво Суготин (архитект) Љубомир Деновиќ (скулптор ) Петар Мазев (сликар) | 1976-1979<br><br>Свечено отворена на<br><br>11 Октомври 1979 | Велес<br><br>(поране-шен Титов Велес) | Посветена на паднатите борци во НОБ (1941-1944) и сите жртви на фашизмот од Велес и околината | *41.723498/21.789375* | Спомен-костурницата се наоѓа на рид, во близина на влезот во градот Велес. Таа е сложена архитектонска и скулптурална композиција изградена во бели бетонски лушпи, со високо симболична форма.<br><br>Централен мотив во костурницата е скулптурата со дрво во цвет кое е симбол на животот и воедно на раѓањето на слободата. Под скулптурата се наоѓа криптата со останките од борците од Велес и околината.<br><br>Од особено значење за споменикот е монументал-ната мозаична композиција која се протега на површина од преку 200 м2, поделена во 5 сликарски композиции, која ја осликува историјата на македонската борба за слобода. |  |
| 06. | Спомен костурница – Кавадарци | Петар Муличковски | 1976 | Кавадарци | Посветена на паднатите борци во НОБ (1941-1944) и сите жртви на | *41.432628/22.022746* | Спомен-костурницата е сместена на највисоката позиција во рамките на градскиот парк во Кавадарци, од каде доминира со својата околи-на. Изградена е во | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (архитект) | | | фашизмот од Кавадарци и околината | | натур бетон и сочинета од неколку архитектонски и уметнички елементи поставени во рамките на пошироко партерно уредување: централна структура која е поставена врз криптата, кај која може да се препознаат елементи од македонската традиција и фолклор; кружна крипта во која се сместени останките од паднатите борци и амфитеатар за различни настани. |  |
| 07. | Спомен костурница – Струмица | Благој Колев (архитект) | 1979-1982<br><br>Свечено отворена на 4 Јули 1982 | Струмиц а | Посветена на паднатите борци во НОБ (1941-1944) и сите жртви на фашизмот од Струмица и околината | *41.431812/22.635 391* | Спомен-костурницата е сместена на ридот Самораница, високо над Струмица. Платото со костурницата се наоѓа на речиси највисоката точка на ридот.<br><br>Самиот споменик е систем од закривени ѕидови со различна височина, изработени во бетон и обложени со бели мермерни плочи. Подот, малиот амфитеатар и скалите се исто така поплочени со бел мермер. Највисоки и најгусто поставени се ѕидовите кои ја формираат костурницата, со саркофагот и урните со останки на паднатите борци. |  |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 08. | Споменик на слободата | Радован Раѓеновиќ (архитект( Глигор Чемерски (сликар) | 1975-1977<br><br>(фаза на градба)<br><br>Комплетно завршена во 1981 и свечено отворена на 29 Ноември 1981 | Кочани | Посветена на паднатите борци во Народно ослободителната борба (1941-1944) и сите жртви на фашизмот од Кочани и околината | *41.918933/22.407111* | Споменикот е сместен на ридот Локубија, високо над градот Кочани. До споменикот се пристапува преку убаво уредена патека која е дел од пошироко партерно и пејзажно уредување. Самиот споменик е сложена архитектонска и уметничка експресија. Составен е од неколку бетонски ѕидови со неправилна форма (налик на романтична, напуштена тврдина), кои создаваат ѕидна површина врз која се аплицирани преку 330 м2 монументални ѕидни мозаици – најкомплет-ната уметничка композиција од овој вид. Ѕидовите со својата позиција создаваат кружен простор – централна сцена со амфитеатрални седишта. |  |
| 09. | Меморијален комплекс на паднатите борци на револуцијата | Богдан Богданови ќ | 1969-1974 | Штип | Посветена на паднатите борци во Народно ослободителната борба (1941-1944) и сите жртви на фашизмот од | *41.738033/22.187205* | Меморијални-от комплекс е сместен во рамки на тврдината Исар. Комплексот е составен од повеќе монументални мермерни блокови, секој од нив декориран со различни геометриски орнаменти во форма на розета. Централната фигура, различна во својата геометрија, носи | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Штип и околината | | текстуален запис посветен на паднатите борци. Целата композиција е сместена на издигнато плато, а пристапот до неа носи одредено симболично значење – еден вид на процесија. |  |
| 10. | Споменик „Слобода“ / Цвет на слободата | Јордан Грабулоск и Jordan (Грабул) | 1969 | Гевгелиј а | Посветена на паднатите борци во Народно ослободителна та борба (1941-1944) и сите жртви на фашизмот од Гевгелија и околината | *41.158232/22.500 618* | Оригинално, споменикот се наоѓал на Вардарски рид (неодамна дислоциран).<br><br>Споменикот е симбол на борбата за слобода, за време на фашистичката окупација, но и воопшто. На оригиналната локација, до споменикот се пристапувало преку убаво уредена патека како дел од пошироко пејзажно и партерно уредување. Самиот споменик е апстрактна скулптурална форма, веројатно стилизиран цвет („Цветот на слободата“). Неговата конструкција е комбинирана – армиран бетон и челик, со облога од метални плочи. |  |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |  |
| 11. | Споменик на преспанското советување | Јордан Грабулоски (Грабул) | 1973 | Отешево, Преспа | Посветен на советувањето одржано во 1943 г., кое ќе одигра клучна улога во организацијата на АСНОМ и создавањето на македонската држава | *40.981291/20.914546* | Споменикот, направен во бело обоен бетон има форма на стилизиран цвет, со неколку геометриски нагласени вертикали и спомен плоча со натпис.<br><br>Посветен е на советувањето одржано на 2 Август 1943 г., на планината Галичица, над Отешево. |  |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. | Спомен костурница – Куманово | Коста Зордумис (архитект) Сретен Стојановиќ (скулптор) | 1957 | Куманово | Посветен на 11 Октомври – денот на македонското востание против фашизмот | *42.145492/21.722537* | Спомен-костурницата е сместена на рид, над патот Куманово-Крива Паланка. Монументалниот комплекс опфаќа пошироко партерно и пејзажно уредување, поплочено плато и неколку архитектонски и уметнички елементи. Во целокупнета композиција доминира женската скулптура во бронза. На криптата, изработена во бетон се аплицирани бронзени рељефни композиции со теми од НОБ. |  |
| 13. | Спомен – парк на револуцијата | Борислав Матевски | 1986 | Пробиштип | Посветен на НОБ и Револуцијата | *42.004159/22.177434* | |  |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| 14. | Споменик на револуцијата | Војислав Васиљевиќ | Свечено отворена на 7 Ноември 1974, по повод 30 годишнината од ослободувањето на Струга | Струга | Посветен на паднатите борци во Народно ослободителната борба (1941-1944) и сите жртви на фашизмот од Струга и околината | *41.177648/20.679526* | Сместен во центарот на Струга, на брегот на реката Дрим, споменикот е дел од т.н. Парк на Револуцијата. Главен елемент претставува високата, апстрактна скулптурална форма (обелиск), изработен во бело обоен бетон. Покрај самиот споменик, меморијалниот комплекс опфаќа поплочена површина (мал плоштад), седење и мал амфитеатар. |  |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |  |
| 15. | Спомен куќа – музеј на НОВ и Револуцијата | Александар Никољски, Владимир Пота<br><br>(архитекти) | Отворен на 28 Септември 1981 | Скопје | Посветен на НОБ и Револуцијата | *41.997001/21.442491* | Спомен-куќата – музеј на НОВ и Револуцијата е сместена во парковско уредување, помеѓу Институтот за национална историја, Судската палата и Националната телевизија во Скопје. Поставена е на темелите на срушената зграда во која заседавал Советот на Комунистичка-та партија во текот на Втората светска војна. | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |  |
| 16. | Партизански гробишта – Бутел | Душан Пецовски (архитект) Јордан Грабулоск и (скулптор ) | 1961 | Скопје | Посветен на паднатите борци во Народно ослободителна та борба (1941-1944) и сите жртви на фашизмот од Скопје и околината | *42.037907/21.435 372* | Меморијал-ниот комплекс зафаќа голема површина во рамките на Градските гро-бишта – Бутел во Скопје.<br><br>Составен е од почесна алеја со гробови (секој од нив означен со мал мермерен спо-меник и портретна биста во бронза), која води кон главниот споменик. Спомeникот е конкавен ѕид, обложен со бел мермер како позадина, врз која е поставен бронзен рељеф со тематика од НОБ. На мермерните плочи е |  |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | запишан стих од македон-скиот поет Славко Јаневски. | |
| 17. | Споменик на ослободителит е на Скопје | Иван Мирковиќ (скулптор ) | 1949 / 1955?? | Скопје | Посветен на ослободителит е на Скопје | *41.999879/21.429 249* | Споменикот е поставен на десниот брег на реката Вардар, во непосредна близина на Владата (поранешно седиште на ЦК СКМ).<br><br>Монументалната скулптурална композиција во бронза е сочинета од неколку човечки фигури (група на борци – партизани), вклучително и женска и детска фигура. |  |
| 18. | Споменик на жената-борец | Боро Митриќес ки | Свечено отворен на 8 Март 1970 | Скопје | Посветен на сите жени кои зеле учество во НОБ | *41.993625/21.434 089* | Овој мал споменик е сместен во центарот на Скопје, во рамките на паркот посветен на жената борец. Во средината на мало, поплочено плато се наоѓа споменикот изработен во камен. Споменикот е сочинет од едноставна база и горен дел, со апстрактни рељефи на секоја од четирите страни. |  |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19. | „Сила, слава и победа“ / Споменик на слободата | Јордан Грабулоск и (Грабул) | 1954? | Скопје | Скулптура посветена на НОБ | *42.000484/21.432 314* | |  |
| 20. | Споменик на депортираните Евреи | | 1978 | Штип | Посветен ан 561 Евреи од Штип депортирани во концентрациониот логор Треблинка, во Март, 1943 | *41.736701/22.190 461* | |  |
| 21. | Споменик на децата бегалци | | | Скопје | Посветен на 28.000 бегалци протерани од | *41.994023/21.433 316* | Овој мал споменик е сместен во центарот на Скопје, во рамките на паркот посветен на жената | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Северна Грција по граѓанската војна во Грција 1946-1949 | | борец. Спомеником е сочинет од мала, правоаголна фонтана во која е поставена едноставна, вертикална, правоаголна плоча, со рељеф во бронза. |  |
| 22. | Споменик на НОВ / Револуцијата | Борка Аврамова | 1961 | Тетово | Посветен на паднатите борци во Народно ослободителна та борба (1941-1944) и на жените борци | *42.009528/20.972 149* | Спомеником е сместен пред Домот на културата, во центарот на Тетово. Сочинет е од слободносто-ечка женска фигура во полн раст (работена во бронза), поставена на бетонски постамент обложен со мермерни плочи. Зад неа се наоѓа ѕид на кој е поставена рељефна композиција во бронза со тематика од НОБ. |  |

# Опис на потенцијалните рути на споменициte од втората светска војна

Спомениците посветени на Втората светска војна во Република Северна Македонија би можеле да се посетуваат и истражуваат групирани во неколку потенцијални културни патеки. Следат неколку можни начини на поврзување:

**A. По патеката на Богдан Богдановиќ**

1. Могила на непобедените - Прилеп
2. Меморијален комплекс на паднатите борци на револуцијата - Штип

**B. Спомениците на Јордан Грабулоски**

1. Спомен костурница – Кичево
2. Споменик „Илинден“ / Македониум - Крушево
3. Споменик „Слобода“ / Цвет на слободата - Гевгелија
4. Споменик на преспанското советување – Отешево, Преспа
5. Партизански гробишта – Бутел
6. „Сила, слава и победа“ / Споменик на слободата – Скопје

/листата би можела да биде дополнета со други помали споменици и скулптури/

**C. Спомен костурници**

1. Спомен костурница – Кичево
2. Могила на непобедените - Прилеп
3. Спомен костурница – Велес
4. Спомен костурница – Кавадарци
5. Спомен костурница – Струмица
6. Спомен костурница – Куманово

**D. Најзначајни споменици во Скопје**

1. Споменик на жртвите од земјотресот / Меморијален споменик „26 Јули“

1. Спомен куќа – музеј на НОВ и Револуцијата

2. Партизански гробишта – Бутел

3. Споменик на ослободителите на Скопје

4. Споменик на жената-борец

5. „Сила, слава и победа“ / Споменик на слободата

/листата би можела да биде дополнета со други помали споменици и скулптури/

**Рута А. – По патеката на Богдан Богдановиќ**

Предложената културна патека ги следи спомениците на Богдан Богдановиќ на територијата на Северна Македонија – Могилата на непобедените во Прилеп и многу помалку познатиот Меморијален комплекс на паднатите борци на револуцијата во Штип. Иако може да се посетат и независно, патеката добива многу повеќе смисол како дел од поголема тура која би ги опфатила делата на Богдан Богдановиќ на територијата на поранешна Југославија.




Подолу се прикажани предложените споменици со основните информации за нив.

| БР. | ИМЕ | АВТОР | ГОДИНА НА ИЗГРАДБА | ГРАД/МЕСТО | КООРДИНАТИ (Google Maps) | ФОТОГРАФИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01. | Могила на непобедените | Богдан Богдановиќ | 1961 | Прилеп | *41.334107/*<br>*21.554740* |  |
| 02. | Меморијален комплекс на паднатите борци на револуцијата | Богдан Богдановиќ | 1969-1974 | Штип | *41.738033/*<br>*22.187205* |  |

**Рута В. – Споменициte на Јордан Грабулоски**

Слично на првата, втората потенцијална културна патека ги поврзува најмонументалните дела на истакнатиот македонски скулптор Јордан Грабулоски (Грабул). Иако најпознат по Македониумот/ Споменикот илинден во Крушево, Грабул бил вклучен во концептуализација и изведба на голем број на бисти, бронзени рељефи, скулптури и монументални споменици низ Републиката. Во прилог се прикажани најзначајните.



| БР. | ИМЕ | АВТОР | ГОДИНА НА ИЗГРАДБА | ГРАД/МЕСТО | КООРДИНАТИ (Google Maps) | ФОТОГРАФИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01. | Спомен костурница во Кичево | Рељефи: Јордан Грабулоски (Грабул) | Завршена во 1968<br><br>(1963??) | Кичево | *41.512931/*<br><br>*20.966301* |  |
| 02. | Споменик „Илинден“/ Македониум | Јордан Грабулоски (Грабул) (скулптор)<br><br>Искра Грабулоска (Грабул) (архитект)<br><br>Петар Мазев (сликар)<br><br>Борко Лазески (сликар) | 1972-1974<br><br>Официјално отворен на 2 Август, 1974 | Крушево | *41.377492/*<br><br>*21.248327* |  |
| 03. | Споменик „Слобода“ / Цвет на слободата | Јордан Грабулоски (Грабул) | 1969 | Гевгелија | *41.158232/*<br><br>*22.500618* |  |

| БР. | ИМЕ | АВТОР | ГОДИНА НА ИЗГРАДБА | ГРАД/МЕСТО | КООРДИНАТИ (Google Maps) | ФОТОГРАФИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 04. | Споменик на преспанскотo советување | Јордан Грабулоски (Грабул) | 1973 | Отешево,<br>Преспа | *40.981291/*<br>*20.914546* |  |
| 05. | Партизански гробишта - Бутел | Душан Пецовски (архитект) Јордан Грабулоски (Грабул) (скулптор) | 1961 | Скопје | *42.037907/*<br>*21.435372* |  |
| 06. | „Сила, слава и победа“ / Споменик на слободата | Јордан Грабулоски (Грабул) | 1954? | Скопје | *42.000484/*<br>*21.432314* |  |

**Рута С. – Спомен костурници**

Третата предложена културна патека ги поврзува спомен костурниците – места посветени на паднатите борци од Втората светска војна и жртвите од фашизмот. Покрај криптата во која вообичаено се поместени останките, спомен костурниците вообичаено претставуваат монументални споменици кои го поврзуваат пејзажното уредување, архитектурата (честопати со симболична, скулптурална форма) и уметноста (скулптура, мозаик, рељеф и сл.).




| БР. | ИМЕ | АВТОР | ГОДИНА НА ИЗГРАДБА | ГРАД/МЕСТО | КООРДИНАТИ (Google Maps) | ФОТОГРАФИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01. | Спомен костурница во Кичево | Релјефи: Јордан Грабулоски (Грабул) | Завршена во 1968<br><br>(1963??) | Кичево | *41.512931/*<br><br>*20.966301* |  |
| 02. | Могила на непобедените | Богдан Богдановиќ | 1961 | Прилеп | *41.334107/*<br><br>*21.554740* |  |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 03. | Спомен коструниц а во Велес | Саво Суготин (архитект) Љубомир Денковиќ (скулптор) Петар Мазев (сликар) | 1976-1979<br><br>Официјално отворен на 11 Октомври, 1979 | Велес<br><br>(поранешен Титов Велес) | *41.723498/*<br><br>*21.789375* |  |
| 04. | Спомен коструниц а во Кавадарци | Петар Муличковск и (архитект) | 1976 | Кавадарци | *41.432628/*<br><br>*22.022746* |  |
| 05. | Спомен коструниц а во Струмица | Благој Колев (архитект) | 1979-1982<br><br>Официјално отворен на 4 Јули, 1982 | Струмица | *41.431812/*<br><br>*22.635391* |  |
| 06. | Спомен коструниц а во Куманово | Коста Зордумис (архитект)<br><br>Сретен Стојановиќ (скулптор) | 1957 | Куманово | *42.145492/*<br><br>*21.722537* |  |

**Рута D. – Најзначајни споменици во Скопје**

Четвртата предложена патека поврзува дел од спомениците во Скопје, главниот град на Република Северна Македонија. Главно позиционирани во центарот на градот (освен споменикот посветен на жртвите од земјотресот), тие се наоѓаат на пешачка дистанца еден

од друг. Патеката би можела лесно да биде дополнета со други споменици посветени на Втората светска војна или да се комбинира со друг вид на туристички атракции – кафеа и ресторани, посета на Старата Скопска Чаршија, посета на културно-историски споменици (Отоманско наследство во рамки на Чаршијата или Византиски цркви на периферијата на градот) или Модернистичката или Бруталистичката архитектура на Скопје која од неодамна засилено привлекува внимание.




| БР. | ИМЕ | АВТОР | ГОДИНА НА ИЗГРАДБА | ГРАД/ МЕСТО | КООРДИНАТИ (Google Maps) | ФОТОГРАФИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 01. | Споменик на жртвите од земјотресот<br><br>Меморијален споменик „26 Јули“ | Георги Груин | 1965 | Скопје | *42.040400/*<br><br>*21.436708* |  |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 02. | Спомен куќа – музеј на НОВ и Револуцијата | Александар Никољски, Владимир Пота (архитекти) | Отворен на 28 Септември, 1981 | Скопје | *41.997001/ 21.442491* |  |
| 03. | Партизански гробишта - Бутел | Душан Пецовски (архитект) Јордан Грабулоски (скулптор) | 1961 | Скопје | *42.037907/ 21.435372* |  |
| 04. | Споменик на ослободителите на Скопје | Иван Мирковиќ (скулптор) | 1949 / 1955?? | Скопје | *41.999879/ 21.429249* |  |
| 05. | Споменик на жената – борец | Боро Митриќески (скулптор) | Отворен на 8 Март 1970 | Скопје | *41.993625/ 21.434089* |  |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 06. | „Сила, слава и победа“ / Споменик на слободата | Јордан Грабулоски (Грабул) (скулптор) | 1954? | Скопје | *42.000484/* *21.432314* |  |
| 07. | Споменик на децата бегалци | | | Скопје | *41.994023/* *21.433316* |  |

# Примери за детална анализа на избраните споменици

Од проширената листа на споменици во Северна Македонија, во која беа опфатени **22 споменици**, беа избрани **10** за кои е направена детална анализа врз основа на дефинираната форма. Детална анализа е направена за следниве споменици:

1. **Споменик на жртвите од земјотресот**, Скопје; автор: Георги Груин
2. **Спомен костурница – Кичево**; автор: Јордан Грабулоски (Грабул)
3. **Споменик „Илинден" / Македониум**, Крушево; автори: Јордан Грабулоски (Грабул), Искра Грабулоска (Грабул), Петар Мазев, Борко Лазески
4. **Могила на непобедените**, Прилеп; автор: Богдан Богдановиќ
5. **Спомен костурница** – Велес (пораане-шен Титов Велес); автори: Саво Суготин, Љубомир Деновиќ, Петар Мазев
6. **Спомен костурница – Кавадарци**, автор : Петар Муличковски
7. **Спомен костурница – Струмица**, автор: Благој Колев
8. **Споменик на слободата**, Кочани; автори: Радован Раѓеновиќ, Глигор Чемерски
9. **Меморијален комплекс на паднатите борци на револуцијата**, Штип; автор: Богдан Богдановиќ
10. **Споменик „Слобода" / Цвет на слободата**, Гевгелија; автор: Јордан Грабулоски (Грабул)

Во овој документ се прикажани два од 11 детално обработени споменици:

- **Споменик „Илинден" / Македониум,** Крушево; автори: Јордан Грабулоски (Грабул), Искра Грабулоска (Грабул), Петар Мазев, Борко Лазески
- **Могила на непобедените**, Прилеп; автор: Богдан Богдановиќ

Подетални анализи на останати избрани споменици се предадени на RRC.

# Македониум – Крушево / Споменик Илинден



## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СПОМЕНИКОТ

### Официјално и/или вообичаено име на споменикот

Македониум – Крушево / Споменик Илинден

### Име и презиме на авторот

Јордан Грабул (скулптор), Искра Грабул (архитект)

/во оригинал презимињата се Грабулоски/Грабулоска/

### Основни димензии на споменикот (ширина, должина, висина)

Внатрешната широчина на споменикот е приближно 20 м, без исфрлените делови.

### Опис на визуелните карактеристики на споменикот/споменичкиот комплекс

Меморијалниот комплекс се наоѓа на највисоката точка на живописното Крушево, со поглед кон градот. Пристапот кон споменикот е преку добро уредена патека, како дел од

пошироко парковско и пејзажно уредување. Комплексот се состои од неколку елементи кои се нижат долж патеката, секој длабоко проткаен со симболика.

Тематски, пристапната патека која води кон главниот споменик е поделена во неколку сегменти. На самиот почеток се наоѓаат големите, бели бетонски форми направени од Јордан Грабулоски - скулпторска реинтерпретација на скршените пранги, кои на симболично ниво го претставуваат чинот на ослободување и стекнатата слобода на Македонија.

Следна точка долж патеката е кружното плато наречено "крипта". Просторот ја симболизира/ претставува хронологијата на Востанието. Секоја метална плоча која излегува од ѕидовите носи име на место, лице и/или датум. Сите тие потсетуваат на важни настани и лица од времето пред, за време или по Илинденското востание.

Низ прекрасниот пејзаж, патеката понатаму води кон "Амфитеатарот", простор ограничен со ѕидови прекриени со керамика во јарки бои и геометриски форми, дело на истакнатиот академски сликар Петар Мазев. Мноштвото бетонски, цилиндрични "седишта" на амфитеатарот ги претставуваат бројните востаници вклучени во историскиот настан.

Кулминација на патеката и главен елемент на комплексот е самиот споменик, кружен во својата основна геометрија со силно испакнати овални прозорци. Во горната зона на прозорците се наоѓаат витражните композиции на академскиот сликар Борко Лазески (автор за кој се карактеристични големи формати и работа во јавни згради). Долната зона на прозорци врамува прекрасни погледи од околниот пејзаж. Внатрешноста на градбата повторно изобилува со симболика, претставена и низ осумте релјефи на внатрешните ѕидови. Рељефите се во парови, на секоја од четирите страни на споменикот. Преку нив, на апстрактен начин е пренесен наративот за будењето на националната свест и борбата на македонскиот народ за ослободување – од османлискиот период сѐ создавањето на Југославија.

## ЛОКАЦИЈА НА СПОМЕНИКОТ

**Држава**

Република Северна Македонија

**Општина**

Општина Крушево

**Град**

Крушево

**Географски податоци (должина и ширина)**

*41.377492/21.248327*

# ИЗГРАДБА НА СПОМЕНИКОТ

**Датум кога започнува изградбата на споменикот**

14.07.1972

**Датум кога завршува изградбата на споменикот**

02.08.1974

**На кој историски настан/личност(и) е посветен споменикот? Наведете ги основните податоци за настанот/лицата.**

Меморијалниот комплекс е посветен на сите борци и револуционери кои учествувале во Илинденското востание против Турците во 1903 г. Востанието резултура со краткотрајно ослободената територија наречена Крушевска Република.

Истовремено, споменикот е посветен и на НОБ и генерално претставува симбол на борбата на македонскиот народ за слобода и незавсност.

**Дали постојат информации зошто споменикот бил изграден во одредено време? (на пример да одбележи годишнина или некоја друга пригода)?**

Споменикот е отворен на 2 Август 1974 г., на денот на Илинденското востание, а по повод 30-годишнината од АСНОМ /Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија/

# ПОСТОЈНА СОСТОЈБА, НАЧИНИ НА УПОТРЕБА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА СПОМЕНИКОТ

**ПОСТОЈНА СОСТОЈБА**

**Каква е постојната физичка состојба на споменикот?**

Меморијалниот комплекс е во генерално добра состојба; тој е често посетуван и одржуван низ годините.

Сепак, главната зграда има сериозни проблеми врзани со протекување на вода во внатрешноста на просторот, што води кон темни, влажни дамки на белите бетонски површини и оштетување и лупење на бетонот. Во неколку наврати направени се обиди за

решавање на ваквата состојба, но до моментот кога беше спроведено ова истражување проблемот не е целосно отстранет.

Во моментов, ентериерот е обновен и пребоен бело (без доволно грижа за заштита на витражните композиции), но повторно се видливи знаци на појава на влага.

**Дали споменикот бил подложен на подоцнежни физички интервенции, промени, додавки и сл.? Ако да, Ве молиме опишете кои и наведете дали тие, според Вашето мислење ја зголемиле или ја деградирале неговата вредност.**

Споменикот не е променет. Спроведените интервенции се со цел да се подобри неговата состојба (протекување на кровот, грди дамки во внатрешноста на споменикот и сл.).

**Од страна на кого и кога беа извршени дополнителните интервенции?**

Интервенциите врз споменикот ги спроведува Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп.

**УПОТРЕБА**

**На кој начин се користел споменикот по изградбата? Какви активности се случуваат во рамките на спомeничкиот комплекс и кој ги организира?**

**Кои се денешните доминантни активности поврзани со споменикот? (наведете ги активностите и засегнатите страни кои ги спроведуваат – екскурзии, туристички посети, прослави/комеморации на годишнини или други собири/настани итн.).**

Споменикот главно се користи за одбележување на датумот на Илинденското востание – 2 Август. Друго историско обележје посветено на истиот настан е споменикот на Мечкин Камен (на неколку километри од Крушево).

Секоја година претставници на Владата, кабинетот на Претседателот, како и претставници од Собранието на Република Северна Македонија се собираат во Крушево за да му оддадат почит на Никола Карев, претседателот на Крушевската Република и на сите борци кои се бореле за ослободување. Во црквата Св. Никола во Крушево се одржува и церемонија посветена на настанот.

Покрај официјалната прослава, се одржуваат и други бројни настани поврзани со датумот: традиционалниот Илинденски марш (Скопје - Крушево - Охрид, планинарска тура со должина преку 200 км), велосипедски тури итн. Секоја година се одржува и културниот настан "10 дена Крушевска Република", со разновидна културна програма – популарна музика, прослави, проекции на документарни филмови, научни дебати итн.

Имајќи во предвид дека говорат за важен настан од македонската историја, Крушево и споменикот Илинден се дел од наставната програма и се често посетувани од учениците од основните и средните училишта.

**ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА СПОМЕНИКОТ**

**Дали постои PR и едукативен материјал поврзан со споменикот (печатен или дигитален) – брошури, сувенири, филмови, видео спотови, реклами итн.? Дали споменикот се користел како сценографија за одреден настан? Наведете кои материјали, кој ги создал и на кој начин го презентираат споменикот.**

За споменикот нема PR или едукативен материјал.

**На каков начин информативните табли, официјалните мапи и инфографиката кои може да се најдат на локацијата го претставуваат споменикот? Кои се клучните податоци и наратив?**

На локацијата постои само една мапа која се наоѓа на почетокот на патеката која води до споменикот.

## ПРИРОДНО ОПКРУЖУВАЊЕ

**Дали споменикот е сместен во или во близина на заштитено природно подрачје (национален парк и сл.)? Ако да, наведете кој.**
**Кои се специфичните карактеристики и вредности на природната околина/пејзаж?**

Споменикот е лоциран на ридот Гумења, над градот Крушево - највисокиот град во Северна Македонија со надморска височина над 1350 м. Споменикот се наоѓа во прекрасна природна околина.

## ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

**Дали локацијата на споменикот е опфатена со просторното планирање? Ако да, приложете ја документацијата во анекс.**

*Појаснување: доколку е возможно, приложете извадок од постојниот план, копија од текстуалните одредби на планот, копија од графичките прилози на планот, извадоци од постари планови, катастар, и сл.*

Локацијата на споменикот е опфатена со просторното планирање.

**Дали локацијата е препознаена во националните или локалните стратешки документи (оние поврзани со развојот, туризмот, бизнис плановите и сл.)? Ако да, наведете на кој начин.**

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА: СТАТУС НА ЗАШТИТА, УПРАВУВАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ

### СТАТУС НА ЗАШТИТА

**Дали споменикот има статус на заштита? Ако да, посочете каква.**

Споменикот е под заштита – има својство на Споменик на културата.

(во прилог е документ кој го потврдува ваквото својство).

**Доколку споменикот е заштитен, наведете од која година.**

1979

**Која институција е надлежна за неговата заштита?**

За споменикот е надлежна Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп.

### УПРАВУВАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ

**Која институција е одговорна/надлежна за управување со споменикот и поширока околина?**

За споменикот е надлежна Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп и Националната установа Историски музеј – Крушево.

**Дали институцијата надлежна за одржување и управување на споменикот има буџет наменет за заштита и управување? Ако да, колкава е сумата?**

Во 2015 (2016-2018) Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп добива буџет наменет за конзервација и реставрација на споменикот.

**Дали постојат информации за за моменталните трошоци за одржување, заштита и реставрација на споменикот?**

Информациите не беа достапни.

**Дали постои информација за висината на вкупните приходи кои произлегуваат од користењето на споменикот (вклучувајќи донации и сл.)?**

Не, такви информации не постојат. Посетителите плаќаат ниска сума за влезница, но бројот на посетители не се регистира.

## ТУРИСТИЧКИ ПОСЕТИ, ПОНУДА И ПЕРЦЕПЦИЈА

**Дали постои информација за бројот на посетители кои годишно го посетуваат споменикот? Ако да, наведете ја информацијата и изворот на информацијата.**

Не постои ваква информација; помеѓу вработените постои инцијатива да се води прецизна евиденција за бројот на посетители.

**Дали постои информација за структурата на посетителите? Ако да, наведете ја информацијата и изворот на информацијата.**

Структурата на посетители е разнородна – локални жители од Крушево, посетители од другите градови од Северна Македонија, организирани посети на ученици, водени тури од странски туристи.

Во последните неколку години, споменикот е присутен на различни веб-страници и споредено со другите споменици во Северна Македонија е доста познат.

**Дали посетата се наплаќа? Ако да, наведете колку.**

Влезот во споменикот се наплаќа; влезницата е симболична – 30 денари за локални посетители и 1 евро за странци.

**Дали постојната туристичка посета има јасен сезонски карактер? Ако да, наведете кои периоди ги опфаќа.**

Крушево во целост е најпосетено за време на зимските распусти и за 2 Август (Илинден). Посетите на ученици вообичаено се случуваат кон крајот на септември, во текот на октомври, април и мај.

Споменикот е најмалку посетуван во периодите ноември-декември и февруари-март.

**Според Вас, каков тип на туризам би бил оптимален за овој споменик? Појаснете накусо.**

Споменикот може да биде дел од културната туристичка рута која ги поврзува спомениците посветени на Втората светска војна на територијата на Република Северна

Македонија или поширокиот регион (како и можната рута која ги поврзува делата на истакнатиот македонски скулптор Јордан Грабул).

## ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

**Дали во близина на споменикот има паркинг за приватни возила, велосипеди или автобуси? Опишете. Наведете го растојанието до локацијата.**

*Ве молиме прикачете мапа доколку постои или слика од Google Earth.*

На самиот почеток на патеката кон споменикот се наоѓа голем паркинг простор, за приватни возила и автобуси.

**Дали пристапот до споменикот е добро дизајниран и безбеден? Опишете.**

Да, до споменикот може да се пристапи преку добро дизајнирана и безбедна патека, поплочена со камен.

**Дали до споменикот има пристап за лица со посебни потреби, т.е. до сите делови кои се доатапни за другите туристи? Опишете.**

Локацијата на споменикот не е достапна за лица со посебни потреби.

**Дали на локацијата постојат тоалети? Наведете ја дистанцата до споменикот и дали нивната состојба е задоволителна или незадоволителна (физичка состојба, одржување...).**

*Ве молиме прикачете мапа доколку постои или слика од Google Earth.*

Самата локација нема тоалети. Сепак во непосредна близина на почетокот на патеката се наоѓа музеј посветен на трагично загинатиот поп пејач Тоше Проески, каде што можат да се најдат тоалети.

**Дали локацијата е опремена со урбана опрема, клупи,канти за отпадоци итн.? Опишете.**

Да, локацијата е добро опремена со урбана опрема - светла, канти за отпадоци и сл.

**Дали локацијата е опремена со инфографика, знаци, натписи, итн. на различни јазици? Опишете.**

На локацијата постои само една табла со информации, на самиот почеток на патеката која води до споменикот (приложена во анексот).

**Дали на локацијата или во непосредна близина постои извор на вода за пиење (Ве молиме наведете каде)? Наведете дали се работи за природен извор на вода или се наоѓа во рамките на зграда.**

Самата локација нема извор на вода. Сепак во непосредна близина на почетокот на патеката се наоѓа музеј посветен на трагично загинатиот поп пејач Тоше Проески, каде што посетителите можат да најдат вода.

**Дали локацијата е осветлена? Опишете.**

Да, локацијата е осветлена со различни видови на осветлување: светла на подот, кои ги нагласуваат скулптурите на почетокот на патеката, ниски светилки кои ја осветлуваат патеката и високи, улични светилки.

**Дали локацијата е покриена со мобилна мрежа, WI-FI, и сл.?**

Локацијата на споменикот е покриена со мобилна мрежа, но нема бесплатен Wi-Fi.

**На која оддалеченост од локацијата на споменикот може да се најде кафетерија, ресторан или сместувачки капацитети?**

Споменикот се наоѓа на највисоката позиција над градот Крушево. Сите неопходни туристички содржини (кафетерија, ресторани, сместување) се на помалку од 10-15 минути пешачење.

## ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ

- Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп (Крушево нема сопствена институција за заштита и припаѓа под Прилеп, како поголем град);
- Национална установа Историски музеј – Крушево;
- Државен архив на Република Северна Македонија.
-

Повеќето информации релевантни за истражувањето беа собрани на самата локација или во разговор со жители и архитекти од Крушево.

# Могила на непобедените



## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СПОМЕНИКОТ

### Официјално и/или вообичаено име на споменикот

Могила на непобедените

### Име и презиме на авторот

Богдан Богдановиќ

### Опис на визуелните карактеристики на споменикот/спомеличкиот комплекс

Могилата на непобедените претставува споменичка целина сместена во рамките на Спомен-паркот на Револуцијата, на јужната периферија на Прилеп. Самиот споменик се наоѓа во рамките на пошироко парковско и пејзажно уредување.

Споменикот се состои од два дела – заедничка гробница – крипта и меморијални урни. Криптата е кружна по форма. Од надворешната страна таа формира могила, упатувајќи на античките гробници/тумулуси. На внатрешната страна, површината е покриена со бели мермерни плочи врз кои се испишани имињата на жртвите. Во криптата се наоѓаат останките на 462 борци од Прилеп и околината, кои го изгубиле својот живот во борба во текот на Втората светска војна или биле жртви на фашизмот.

Спроти влезот во криптата, на поплочено плато се поставени осум урни, скулптурално работени во бел прилепски мермер. Слично на другите дела на Богдановиќ, тие во себе носат поетски сензибилитет; надреалистични парчиња уметност кои го вклучуваат посетителот во контемплативна комеморација.

*"Поставката сугерира фигури кои танцуваат. Направивме два темели повеќе од вкупниот број на фигури, со цел да имаме повеќе слобода во создавањето на најдобрата конфигурација. Некои идни археолози ќе теоретизираат околу вишокот темели. Најголемата фигура ја создадов така што ја нацртав на ѕидот на моето ателје од различни агли. На крајот, фигурата беше онолку висока колку што дозволуваше висината на таванот" – БОГДАН БОГДАНОВИЌ во*

*Kulić, Vladimir, ed. Bogdanović by Bogdanović, Yugoslav Memorials through the Eyes of Their Architect. New York: The Museum of Modern Art, 2018*

Во истатата книга, Владимир Кулиќ вели: „Четири од најпознатите проекти на Богдановиќ, честопати опишани како негова 'тетралогија' се создадени во истиот период. Меморијалните комплекси во Мостар, Јасеновац, Прилеп и Крушевац се значајни и нашироко вреднувани придонеси кон новата култура на комеморација, кои создаваат (по)тивка, мека и интроспективна атмосфера од било кој друг споменик изграден во истиот период. (...) Подоцнежните споменици на Богдановиќ нема да ги достигнат амбициите на овие, направени во 1960-тите".

## ЛОКАЦИЈА НА СПОМЕНИКОТ

**Држава**

Република Северна Македонија

**Општина**

Општина Прилеп

**Град**

Прилеп

**Географски податоци (должина и ширина)**

*41.334107/21.554740*

## ИЗГРАДБА НА СПОМЕНИКОТ

**Датум кога започнува изградбата на споменикот**

1960

**Датум кога завршува изградбата на споменикот**

1961

**На кој историски настан/личност(и) е посветен споменикот? Наведете ги основните податоци за настанот/лицата.**

Споменикот е посветен на паднатите борци од НОБ (1941-1944) и сите жртви на фашизмот од Прилеп и неговата околина.

**Кој ја нарачал и финансирал изградбата на споменикот?**

Изградбата на споменикот е порачана од страна на локалната самоуправа.

# ПОСТОЈНА СОСТОЈБА, НАЧИНИ НА УПОТРЕБА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА СПОМЕНИКОТ

**ПОСТОЈНА СОСТОЈБА**

**Каква е постојната физичка состојба на споменикот?**

Меморијалниот комплекс е во генерално добра состојба. Тој неодамна помина низ процес на конзервација и реставрација; сепак, конзерваторските работи се со низок квалитет и до одреден степен несоодветни (пр. дел од мермерните плочки кои недостасуваат во подот се заменети со мермер со различна боја од оригиналната; има обид да се „залепат“ или пополнат скршените и отпаднати мермерни плочи и сл.). Белиот мермер на одредени делови има темни дамки и треба да се исчисти.

**Дали споменикот бил подложен на подоцнежни физички интервенции, промени, додавки и сл.? Ако да, Ве молиме опишете кои и наведете дали тие, според Вашето мислење ја зголемиле или ја деградирале неговата вредност.**

Врз споменикот не се направени поголеми преправки.

**Од страна на кого и кога беа извршени дополнителните интервенции?**

Интервенциите врз споменикот се направени од страна на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп.

**УПОТРЕБА**

**На кој начин се користел споменикот по изградбата? Какви активности се случуваат во рамките на спомиенчкиот комплекс и кој ги организира?**

Оригинално, споменикот е со повеќекратна намена. Покрај комеморацијата на значајни историски настани, тој има и културна и едукативна улога/значење.

Секоја година, градот Прилеп тука го одбележува 11 Октомври (денот на македонското востание против фашизмот), положувајќи свежо цвеќе во Спомен-паркот или пред Могилата.

Меморијалниот комплекс е симболичко место и за одбележување на други настани – важни датуми за градот Прилеп и Републиката.

Повеќето настани се организирани од страна на локалната самоуправа – општина Прилеп или политичките партии.

**Кои се денешните доминантни активности поврзани со споменикот? (наведете ги активностите и засегнатите страни кои ги спроведуваат – екскурзии, туристички посети, прослави/комеморации на годишнини или други собири/настани итн.).**

Покрај комеморативните активности, поради значењето во националната историја и истакнатата улога која градот Прилеп ја одиграл во текот на Втората светска војна, меморијалниот комплекс е често посетуван од ученици од основно и средно училиште (вообичаено еднодневни посети), како неизоставен дел од училишната програма.

**ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА СПОМЕНИКОТ**

**Дали постои PR и едукативен материјал поврзан со споменикот (печатен или дигитален) – брошури, сувенири, филмови, видео спотови, реклами итн.? Дали споменикот се користел како сценографија за одреден настан? Наведете кои материјали, кој ги создал и на кој начин го презентираат споменикот.**

За споменикот нема PR или едукативен материјал.

**На каков начин информативните табли, официјалните мапи и инфографиката кои може да се најдат на локацијата го претставуваат споменикот? Кои се клучните податоци и наратив?**

На локацијата не постојат информативни табли, официјални мапи или било каква инфографика.

Информациите главно може да се пронајдат во пишани извори, кои даваат најосновни информации за времето на изградба, бројот на имиња на борци изгравирани во мермерните плочи на споменикот и сл.

## ПРИРОДНО ОПКРУЖУВАЊЕ

**Дали споменикот е сместен во или во близина на заштитено природно подрачје (национален парк и сл.)? Ако да, наведете кој.**

**Кои се специфичните карактеристики и вредности на природната околина/пејзаж?**

Споменикот се наоѓа во рамките на Градскиот парк (Парк на могилата на непобедените) кој во себе вклучува неколку делови: пејзажно уреден парковски дел, пристапна патека со пониско плато (каде се наоѓаат 10 бронзени бисти на хероите на Прилеп) и самиот споменик (на највисоката позиција).

Споменикот не е во непосредна близина на природен предел под заштита.

## ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

**Дали локацијата на споменикот е опфатена со просторното планирање? Ако да, приложете ја документацијата во анекс.**

*Појаснување: доколку е возможно, приложете извадок од постојниот план, копија од текстуалните одредби на планот, копија од графичките прилози на планот, извадоци од постари планови, катастар, и сл.*

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА: СТАТУС НА ЗАШТИТА, УПРАВУВАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ

**СТАТУС НА ЗАШТИТА**

**Дали споменикот има статус на заштита? Ако да, посочете каква.**

Споменикот е под заштита – има својство на Споменик на културата. (во прилог е документ кој го потврдува ваквото својство).

**Доколку споменикот е заштитен, наведете од која година.**

1989

**Која институција е надлежна за неговата заштита?**

За споменикот е надлежна Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп.

Бр. На решение: 08/5 – 47/1 (14.02.1989)

**УПРАВУВАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ**

**Која институција е одговорна/надлежна за управување со споменикот и поширократа околина?**

За споменикот е надлежна Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп.

**Дали постои менаџмент план за споменикот? Ако да, наведете ги основните информации (период на важење и сл.).**

Не.

**Дали има мониторинг извештаи врзани со заштитата и управувањето на споменикот? Ако да, наведете кој ги подготвува, кому се поднесени и за кој временски период се изработени?**

Во 2008 г. Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп направила проценка на состојбата на споменикот.

**Дали институцијата надлежна за одржување и управување на споменикот има буџет наменет за заштита и управување? Ако да, колкава е сумата?**

Институциите немаат постојан буџет; тие вообичаено аплицираат со годишни проекти во Министерството за култура.

**Дали постојат информации за за моменталните трошоци за одржување, заштита и реставрација на споменикот?**

Не бевме во можност да обезбедиме ваков тип на информација.

**Дали постои информација за висината на вкупните приходи кои произлегуваат од користењето на споменикот (вклучувајќи донации и сл.)?**

Не бевме во можност да обезбедиме ваков тип на информација.

## ТУРИСТИЧКИ ПОСЕТИ, ПОНУДА И ПЕРЦЕПЦИЈА

**Дали постои информација за бројот на посетители кои годишно го посетуваат споменикот? Ако да, наведете ја информацијата и изворот на информацијата.**

Ваков тип на информација не постои. Посетата на споменикот не се наплаќа.

**Дали постои информација за структурата на посетителите? Ако да, наведете ја информацијата и изворот на информацијата.**

Прецизен податок за структурата на посетители не постои. Со оглед на тоа дека споменикот се наоѓа во градскиот парк, самиот споменик и неговата околина се посетени од локалното население од различна возраст: деца, млади, брачни парови со мали деца, како и повозрасни, пензионирани граѓани.

**Дали посетата се наплаќа? Ако да, наведете колку.**

Посетата на споменикот не се наплаќа.

**Дали постојната туристичка посета има јасен сезонски карактер? Ако да, наведете кои периоди ги опфаќа.**

Посетата на споменикот нема јасно изразен сезонски карактер; сепак интензитетот на посети е помал во зима.

**Дали постојат туристички атракции во околината? (материјално и/или нематеријално наследство)? Ако да, наведете кои.**

Прилеп и неговата околина имаат бројни локации кои би можеле да бидат потенцијални туристички атракции:

- Маркови кули – сместени северозападно од Прилеп, над местото Варош. Кулите, именувани по средновековниот српски владетел Марко Мрњавчевиќ, заедно со гранитните карпи врз кои се поставени создаваат живописен амбиент. Спроведените археолошки испитувања укажуваат и на постари слоеви;
- Во близина на Прилеп, кај селото Чепигово се наоѓаат остатоците од античкиот македонски град Стибера, подоцна дел од Римската империја;
- Во околината на Прилеп постојат и бројни византиски цркви и манастири како што се: манастирот Зрзе, Трескавец, Архангел Михаил, црквата Св. Никола и др.

**Дали во моментов постои дефинирана туристичка понуда за наведениот споменик? Ако да, опишете ја, специфицирајќи што вклучува, кој ја обезбедува, која е целната група кон која е насочена и обезбедете линк до дополнителни информации.**

Во моментов не постои дефинирана туристичка понуда за спомеником.

**Според Вас, каков тип на туризам би бил оптимален за овој споменик? Појаснете накусо.**

Спомеником може да биде дел од културната туристичка рута која ги поврзува спомениците посветени на Втората светска војна на територијата на Република Северна Македонија или поширокиот регион. Исто така, спомеником може да стане дел од рутата која ги поврзува делата на Богдан Богдановиќ на територијата на поранешна Југославија.

**Дополнителни забелешки**

Спомеником е интересно интегриран во секојдневниот живот на Прилеп и неговите граѓани. Во рамките на паркот, во непосредна близина на спомеником се случуваат најразлични активности: мала градина со егзотиччни птици, детско игралиште, мали киосци со сладолед и пијалоци и сл.

## ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

**Дали во близина на спомеником има паркинг за приватни возила, велосипеди или автобуси? Опишете. Наведете го растојанието до локацијата.**

*Ве молиме прикачете мапа доколку постои или слика од Google Earth.*

На рабовите на паркот се наоѓаат три паркиралишта; еден може да се користи и како паркинг за автобуси, додека другите два се само за приватни возила.

**Дали пристапот до спомеником е добро дизајниран и безбеден? Опишете.**

До спомеником може да се пристапи од неколку страни, сите добро дизајнирани и безбедни.

**Дали до спомеником има пристап за лица со посебни потреби, т.е. до сите делови кои се доатапни за другите туристи? Опишете.**

Локацијата на спомеником не е достапна за лица со посебни потреби (патеките се поплочени со камен).

**Дали на локацијата постојат тоалети? Наведете ја дистанцата до споменикот и дали нивната состојба е задоволителна или незадоволителна (физичка состојба, одржување...).**

*Ве молиме прикачете мапа доколку постои или слика од Google Earth.*

Во близина на споменикот (на околу 100 м пешачка дистанца) се наоѓаат јавни тоалети; сепак, нивната состојба е прилично лоша – стари се и не се одржуваат/чистат редовно.

**Дали локацијата е опремена со урбана опрема, клупи,канти за отпадоци итн.? Опишете.**

Со обновата во 2007-2008 г., паркот бил пошумен и хортикултурно уреден на територија од околу 6.000 м2. Истовремено, подобрен е и бројот и квалитетот на урбаната опрема (клупи, канти за отпадоци, ново осветлување и сл.), реновирано е летното кино, направени се патеки за пешачење и трим патека во должина од околу 1 км.

Локацијата своевремено имала и свој инфо-пункт, кој во моментов е вон употреба.

**Дали локацијата е опремена со инфографика, знаци, натписи, итн. на различни јазици? Опишете.**

На локацијата постојат знаци кои упатуваат кон градскиот центар (ниеден од нив не е поврзан со самиот споменик). Знаците се на македонски.

**Дали на локацијата или во непосредна близина постои извор на вода за пиење (Ве молиме наведете каде)? Наведете дали се работи за природен извор на вода или се наоѓа во рамките на зграда.**

Во паркот има две фонтани со вода за пиење (едната од нив во моментов е вон употреба).

**Дали локацијата е осветлена? Опишете.**

Паркот е осветлен со соодветно градско осветлување.

**Дали локацијата е покриена со мобилна мрежа, WI-FI, и сл.?**

Локацијата на споменикот е покриена со мобилна мрежа, но нема бесплатен Wi-Fi.

**На која оддалеченост од локацијата на споменикот може да се најде кафетерија, ресторан или сместувачки капацитети?**

Во непосредна близина на споменикот (околу 100-150 м) може да се најдат ресторани и сместувачки капацитети.

## ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ

- Општина Прилеп
- Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп (контакт: арх. Кире Јованоски)

Повеќето информации релевантни за истражувањето беа собрани на самата локација или во разговор со жители и архитекти од Прилеп.

**Изјава за одрекување од одговорноста:** Овој документ "Проценка на спомениците посветен на Втора светска војна во Северна Македонија за создавање нов регионален туристички производ / културна рута во Југоисточна Европа" создаден е со помош на грантот обезбеден од Проектот за развој и промоција на туризмот од Совет за регионална соработка, кој го финансира Европска Унија. Содржината на овој документ "Проценка на спомениците посветени на Втора светска војна во Северна Македонија за создавање нов регионален туристички производ/културна рута во Југоисточна Европа" исклучиво е одговорност на EXPEDITIO и не ги одразува по секоја цена ставовите на Советот за регионална соработка или Европска Унија.